20080591038

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 11.04.2008 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување ("Сл.весник на РМ" бр. 111/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002, 55/2004, 30/2006, 137/2006 и 26/2007) во членот 13 став 1 зборот "според" се заменува со зборовите: "без оглед на".

Член 2

Во членот 16 точката 1 се брише, а точките 2 и 3 стануваат точка 1 и 2.

Член 3

Во членот 93 став 1 алинеја 3 по зборовите: "образец (НП-2)", се додаваат зборовите: "со платни списоци на увид".

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02- 4720/3
11 април 2008 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
Аљбон Џемаили, с.р.